Пивара Скопје АД
Корисничка поддршка

Отворена можност за практична работа:

# Специјалист за корисничка поддршка - Практикант

Пивара Скопје е автентична деловна приказна која ја создаваат голем број генерации горди Пиварци. Чувството на гордост произлегува од силните брендови кои ги имаме, високата компаниска култура која сите нас нè поттикнува да го извлечеме најдоброто од себе како компанија и како професионалци.

За да го постигнеме сето ова, потребно е континуирано да инвестираме во развојот на луѓето, ние нудиме пристап до најдобрите практични знаења и искуства од двата најпочитувани системи на производство на пијалаци во светот, Coca-Cola и Heineken. Знаеме да ја препознаеме добрата работа на нашите вработени и практиканти и да го наградиме нивниот талент и напорите кои ги вложуваат.

Практикантот ќе придонесе кон успешно реализирање на планираните активности и истовремено ќе стекне нови лични знаења и вештини во областа на Информациските технологии преку поддршка во спроведувањето на професионални работни обврски, и тоа:

- Поддршка при обезбедување одлични ИТ услуги на сите функции и оддели;
- Поддршка при решавање на пријавени барања и проблеми на крајните корисници;
- Подготовка на извештаи за бројот на добиени и решени повици, односно барања на корисниците;
- Учество во процесот за поддршка на корисниците со компјутерска и софтвреска опрема;
- Го подржува процесот на следење и одржување на Coca Cola HBC и Heineken системите преку превентивно следење.

**Што нудиме**:
- Забавна работна и мултинационална средина;
- Можност за учење во напредно интелектуално и технолошко окружување;
- Можност за стекнување на практични вештини во областа ИТ на локално и интернационално ниво;
- Бесплатен оброк и пијалаци;
- Можност за идна соработка.

**Што бараме од кандидатот:**
- Да ги навршува своите дипломски или постдипломски студии во областа на ИТ, примена на информациски технологии и компјутерско/софтверско инженерство;
- Амбициозна личност со изразен ентузијазам во доменот на информациски технологии;
- Основно познавање на мрежи (LAN, WAN);
- Основно познавање на конфигурација, инсталација и одржување на ИТ корисничка опрема;
- Добро познавање на англискиот јазик.

Практикантскиот ангажман се заснова на определен временкси период од 30 до 90 дена. Неделното работно време за практичната работа е од понеделник до петок, 8 часа дневно.
Избор на пријавените кандидати ќе се изврши во рок од 15 до 30 дена во зависност од бројот на пријавени кандидати. Само селектираните кандидати ќе бидат повикани на разговор.

**Како да се аплицира:**
Кандидатите кои ги исполнуваат наведените квалификации треба да аплицираат на следниов начин:
- да испратат свое CV и писмо за интерес (англиски и македонски јазик) на следната e-mail адреса recruitmentteam.pivaraskopje@cchellenic.com со назнака називот на позицијата „Специјалист за корисничка поддршка - Практикант", најдоцна до 15.01.2019 год.